POPOVA KULA WINERY

Винарска Визба Попова Кула

АД Демир Капија

Булевар на виното бр.1, Демир Капија
Тел/Факс 043 367 400; 02 3216 716 www.popovakula.com.mk
MK4019006111464 ж.с/ка: Шпаркасе Банка 250-0000001999-31

Друштво за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД
Бр. 02-171
12.12 2023 год.
ДЕМИР КАПИЈА

Демир Капија, 31.05.2023 година

Јас, Андријана Симовска, со ЕМБГ 1702984488031, вработена во ВВ Попова Кула АД, избрана за записничар на редовното годишно собрание на акционери на ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ ВИНАРСКА ВИЗБА ПОПОВА КУЛА АД ДЕМИР КАПИЈА, со ЕМБС 6100937 и ЕДБ MK4019006111464, седиште ул. Булевар на виното бр. 1 Демир Капија, со почеток во 10 часот на 31 мај 2023 година во просториите на друштвото, го срочив следниот ----------------------------------------------------------------------------------------------------

**-----------------ЗАПИСНИК ЗА ТЕКОТ НА СЕДНИЦАТА НА СОБРАНИЕТО----------------**
**----НА АКЦИОНЕРИТЕ НА ВИНАРСКА ВИЗБА ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија----**

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од страна на извршениот директор со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет ЈОРДАН ТРАЈКОВ од Демир Капија, со стан на живеење на ул. Булевар на виното бр. 1 Демир Капија, идентитет утврден во тековната состојба на Дрштвото и лична карта број M0479111 издадена од МВР Неготино на ден 09.02.2023 година и ЕМБГ 0202969483000 ми беа предочени следните исправи кои се составен дел од овој записник:-----
Тековна состојба издадена од Централен Регистар на Р. С. Македонија под број 0805-50/155020230056151 од 29.05.2023 година.-----------------------------------------------------------------
Јавен повик објавен во дневниот весник Нова Македонија за учество на редовното годишно собрание на акционери на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија, Булевар на виното бр. 1 Демир Капија, што ќе се одржи на 31.05.2023 година (среда), со почеток во 10 часот во Демир Капија, простории на ВВ Попова Кула АД, со утврден дневен ред.-------------
Статут на Друштвото за производство и промет Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија (пречистен текст), од кој утврдив дека Друштвото има 2.700.000 обични акции и номинална вредност на акциите е 1 Евро по курс од 61,50 денари од кое утврдив дека Собранието може да работи односно има кворум за работа ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мозинство од вкупниот број на акционери со право на глас.------------------------------------------------------------------------------
Акционерска книга на Друштвото со дата 29.05.2023 година 10:32:51, издадена од Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје кое се води под ИСИН: MKPOPK101014, од кое утврдив дека издавачот Друштвото за производство и промет Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија издало акции и тоа: Вид: обични акции; Номинална вредност по ХВ 61,50 МКД; Вкупен број на ХВ 2.700.000; Вкупен номминален капитал 166050000МКД; Број на гласови 2.700.000; Состојба активен; Број на имматели752; Број на сопственички позиции 753; Назив на емисијата: Попова Кула Обични;-------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата започна во 10 часот и 10 минути со тоа што актуелниот претседавач Тихомир Мукаетов го прочита процедуралниот дел од дневниот ред на ова Собрание:--------------------
1. Отворање на Собранието;--------------------------------------------------------------------------------
2. Избор на работни тела:----------------------------------------------------------------------------------
2.1. Избор на претседавач на собранието на Друштвото.---------------------------------------------
2.2. Избор на записничар и двајца заверувачи на Записникот ---------------------------------------
2.3. Избор на верификациона комисија---------------------------------------------------------------.
2.4. Верификација на списокот на присутни акционери / полномошници и утврдување на кворум за работа и одлучување ---------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**1. Отварање на собранието**-----------------------------------------------------------------------

Тихомир Мукаетов објави дека го отвара собраниеото и посака успешна работа.-----------------

**2.1. Избор на претседавач на собранието на Друштвото**------------------------------------------
За претседавач беше предложен Тихомир Мукаетов. Се пристапи кон гласање, за изборот на Тихомир Мукаетов за претседавач гласаа „ЗА“ сите 8 (осум) присутни акционери, против нема, воздржани нема. Со тоа едногласно за претседавач е избран Тихомир Мукаетов.---------

**2.2. Избор на записничар и двајца заверувачи на Записникот**------------------------------------
За записничар предложена е Андријана Симовска (вработена во Друштвото) а за заверувачи 1.Златко Данев и 2.Климе Бабунски. Сите тројца беа едногласно избрани од 8 (осум) присутни акционери, против нема, воздржани нема.-----------------------------------------------

**2.3. Избор на верификациона комисија**----------------------------------------------------------
За членови на верификациона комисија предложени беа 1. Григори Поповски и 2. Јордан Трајков кои беа едногласно избрани од 8 (осум) присутни акционери, против нема, воздржани нема.------------------------------------------------------------------------------------

**2.4. Верификација на списокот на присутни акционери / полномошници и утврдување на кворум за работа и одлучување**----------------------------------------------------------------
Верификационата комисија од пријавите на присутните акционери на седницата кои се во прилог на овој записник, утврди дека на седницата се присутни вкупно 8 (осум) акционери, со вкупно 1.573.421 акции со право на глас и тоа: 1. **ТОДОР ЧЕРЕПНАЛКОВСКИ** од Скопје, ул. ФРАНКЛИН РУЗВЕЛТ 4 - 6, со ЕМБГ 0104940450179 во својство на акционер сопственик на 68.766 (шеесетиосумилјадиседумстотинишеесетишест) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 2**. КЛИМЕ БАБУНСКИ** од Скопје, ул. 8-Март бр.13-27 Скопје, со ЕМБГ 1301958450013 во својство на акционер сопственик на 15730 (петнаесетилјадиседумстотиниитриесет) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 3. **ТИХОМИР МУКАЕТОВ** од Скопје, БУЛ. СВ. К. ОХРИДСКИ 13 - 1 / 3, СКОПЈЕ-ЦЕНТАР, со ЕМБГ 2502946450033 во својство на акционер сопственик на 2160 (двеилјадистоишеесет) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 4. **ЗЛАТКО ДАНЕВ** од Кавадарци, ул. Прилепска бр. 28, Кавадарци, со ЕМБГ 1410969483006 во својство на акционер сопственик на 2433 (двеилјадичетиристотинитриесетитри) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 5. **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО ПРОМЕТ И КОНСАЛТИНГ "ИНТЕКО" ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ Скопје**, со седиште на ул. Даме Груев бр. 5-7/14 Скопје, со ЕМБС 5781795, со ЕДБ 4030003484689, Управител Гордана Трајкова во својство на акционер сопственик на 1365576 (еденмилионтристашеесетипетилјадипетстотиниседумдесетишест) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 6. **ГОРДАНА ТРАЈКОВА** од Скопје, ул. МИТО ХАЏИВАСИЛЕВ ЈАСМИН 18-02/10, СКОПЈЕ, со ЕМБГ 1005974488006 во својство на акционер сопственик на 30000 (триесетилјади) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 7. **ЈОРДАН ТРАЈКОВ** од Демир Капија, ул. Булевар на виното бр. 1 Демир Капија, ЕМБГ 0202969483000 во својство на акционер сопственик на 153 (стопедесетитри) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија, 8. **ГРИГОРИ ПОПОВСКИ** од Скопје, ул Анкарска 23/24, Карпош, Скопје, ЕМБГ 0204952450063 во својство на акционер сопственик на 88603 (осумдесетиосумилјадишестотиниитри) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија. Верификационата комисија утврди дека во моментот на акционерското

собрание има акционери со 1.573.421 гласа или во проценти 58,27% (педесетичетиризапиркадеведесетидевет) проценти. Претседавачот на собранието констатира дека има кворум за работа и за полноважно одлучување.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот ја продолжи седницата и побара дали има некој да дискутира по предложениот дневен ред – работен дел.----------------------------------------------------------------------
Никој не се јави за збор и се пристапи кон гласање. Дневниот ред како што беше предложен од страна на Друштвото беше едногласно усвоен или со број на гласови од 1.573.421.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 1 (еден): Усвојување на записникот од собранието на акционери на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија одржано на 22.06.2022 година:--------------------------**

Предлог олука за усвојување-----------------------------------------------------------------------------------
Се отвори дискусија и бидејќи никој не бара збор се затвори дискусијата. Потоа се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.573.421 гласа „ЗА" гласале вкупно 1.573.421 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" нема, „ПРОТИВ" нема.-------------------------
Врз основа на вака спроведената постапка за гласање и соопштените резултати од гласањето, Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:-----------------------------------------------------------------------------

**-----------------------------------------------О Д Л У К А -----------------------------------------------**

**СЕ УСВОЈУВА Записникот од акционерското собрание одржано на 22.06.2022 година---**

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 2 (два): Разгледување на годишен извештај за работењето на друштвото за 2022 година.------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

Предлог олука за усвојување-----------------------------------------------------------------------------------
Се отвори дискусија и бидејќи никој не бара збор се затвори дискусијата. Потоа се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.573.421 гласа „ЗА" гласале вкупно 1.573.421 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" нема, „ПРОТИВ" нема.-------------------------
Врз основа на вака спроведената постапка за гласање и соопштените резултати од гласањето, Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:-----------------------------------------------------------------------------

**-----------------------------------------------О Д Л У К А -----------------------------------------------**

**Се усвојува Годишниот извештај за работење на друштвото за 2022 година-----------------**

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 3 (три): Разгледување на годишна сметка за 2022 година и на ревидирани финансиски извештаи за 2022 година.------------------------------------------------------------------**

**По однос на првата алинеа:** се стави точка на разгледување. За дискусија се јави Тодор Черепналковски. Тој праша дали во залиха на недовршени и готови производи се мисли на вино. Јордан Трајков одговори потврдно, да. Тој дообјанси дека и во годишниот извештај има објаснето дека Друштвото имало рекордна година на производство на грозје и лани не е продадавано дел од грозјето, туку целото е преработено во вино. И дека резултат на ова се зголемените залихи на вино. Тодор Черепналковки потоа праша што се влегува во трговски стоки. Од страна на Јордан Трајков беше објаснето дека тука влегуваат украсните кутии за вино, лаванда масло и хидросол, сувомесно увезено од Ротор и сл, а во консолидираните извештаи и сите производи кои се продаваат преку ресторан и продавница. Тодор Черепналковски потоа коментираше дека е добро што има зголемени парични средства на 31.12. Јордан Трајков дообјасни дека тие средства се чуваат за да се поминат месеците

Булевар на виното бр.1, Демир Капија
Тел/Факс 043 367 400; 02 3216 716 www.popovakula.com.mk
МК4019006111464 ж.с/ка: Шпаркасе Банка 250-0000001999-31

јануари, февруари и март 2023 кога прометот е најмал, сметките за струја се големи. Следно Тодор Черепналковски праша што влегува во долгорочни обврски од поврзани лица. Одговори Јордан Трајков дека тука влегуваат обврските по основ на примени позајмици од него и од Григори Поповски за кои сите присутни се запознаени. Во останати долгорочни обврски е кредитот кон Шпаркасе Банака, а во краткорочни обврски по заеми и кредити се обврските кон Шпаркасе Банка и МБПР кои доспеваат во 2023 година. Тодор Черепналковски потоа дискитираше дека според него има една убава и една неубава работа. Убавата е дека некаде околу 40% од приходите се хотели и сл. објекти, ресторани околу 13 милиони, а по основ на вино 17 милиони денари. Му беше посочено дека податоците се од консолидираните извештаи, меѓутоа никој од присутните немаше против да продолжи дискусијата иако не е во оваа точка. Тодор Черепналковски посочи дека убаво е што има приходи од хотелот околу 13 милиони денари, ама лошо е што и од продажба на вино се скоро во ист износ. Според него би било убаво да се зголемат приходите од продажба на вино. Потоа праша за објаснување дали во структура на приходи во приходи од хотели и слични објекти за сместување влегуваат само ноќевањата, на што му беше потврдно одговорено, но дека со секое ноќевање следува и појадок и храна ако има некој уплатено цел или полн пансион. На ова Тодор Черепналковски рече дека ако е така е уште подобро. Во приходи од ресторани и др. објекти за послужување храна му беше потврдено дека влегуваат само приходите од ресторан и дека тука нема ноќевања. Ама дека не е добро производството на вино. Основата на друштвото, темелот, рекламата, препознатливоста и слично. Тука што правиме? – праша Тодор Черепналковски. Може е добро одборот на директори тоа да го продискутира сериозно и да направи една стратегија пет годишна за продажба на вино. Јордан Трајков кажа дека одборот на директори отпочнал процес на планирање што би требало да заврши многу порано од ова собрание. На жалост никако не можеле да ги усогласат сите обврски на сите членови за да бидат сите во тек. Процесот на стратешко планирање е почнат и тој се надева дека ќе го завршат за да можат во нареднот пет годишен период да имаат таков стратешки план. Инаку се согласува со Тодор Черепналковски и неговите коментари. Кажа дека е клучно дали ќе се успее да се најде партнер за пазарот на вино. Дека фактички Ковидот ни ги пресече сите пазари на вино. Имавме 18 земји, останавме со 2. Нешто лани било извезено и во Австралија и во САД и за жал САД сега пропаѓа. Во Кина партнерот банкротирал. А таму претходно добро се одвиваше, што може да се види од минатите извештаи. Русија е забранета и сега сме останати со 2 земји и се вративме во Австралија. За жал партнерот од САД почина. И дека многу од пазарите за вино се изгубени и тоа е нешто што не се воспоставува преку ноќ. Долги години ги градевме, дали ќе се вратиме на некои пазари не се знае, дека тие партнери со кои работевме се готиви – ги нема веќе. Домашниот пазар е никаков, се намалува, оди надоле. На блиските пазари Србија, Црна Гора исто не можеме. Тодор Черепналковски праша која е планскате цена на виното, му одговори дека е 65ден за литар. А колку е раалната цена? – потоа праша Тодор Черепналковски. Му беше објаснето дека одприлика е таа и дека зависи од фиксните трошоци и големината на бербата. А му беше кажано и дека цената на флашираното вино варира и сега е зголмена бидејќи цената на шишињата, тапите, капиците и етикетите е зголемена и постојано се менува нагоре. Сега за сега планска цена на шише флаширано етикетирано небарикно вино е околу 150 денари. Григори Поповски се јави за збор. Тој кажа дека Јордан Трајков спомна дека се намалени пазарите на друштвото. Кина и Русија се недостапни, САД пропаѓа па му дошло како идеја сега и сака да го сподели, дека можеби друштвото не треба да оди на такви големи пазари, можеби вниманието треба во иднина да се сврти кон мали пазари. ама тоа е прашање на стратешко планирање. Пазари како што се



Мукаетов Паскал

Австрија, Словенија, тука пазари во Европа коишто се поблиску и се помали бидејќи на тие големи пазари обично, барем тој така го сфаќа, има голема потрошувачка популација и порачуваат огромни количини. Ние не можеме да задоволиме во тие пазари со такви количини. Ова е првото, а второто е дека ние сме ориентирани да правиме високо квалитетно вино така што помалите, појаки пазари како Швајцарија, Австрија сакаат такво вино, па можеби треба вниманието тука да го насочиме во иднина. А не да бараме големи пазари. Јордан Трајков се надоврза и кажа дека утре доаќа партнерот од Финска за кој лани се дискутирало. Ќе останел 14 дена тука. Како е развојот таму? Финска има државен монопол и тоа е проблемот. Но, имајќи ги во предвид ветувањата на новата финска влада се очекува либерализирање на пазарот. Сега партнерот доаѓа со продавач кој што треба ние да го обучиме. Се слага со Григори Поповски, но појаснува дека клучно е да се најде прав партнер за работа, посветен на нас како фирма. За Словенија Јордан Трајков смета дека е земја што произведува вино и дека таму е тешко за нас. Ниту во Словачка, ниту во Чешка не гледа иднина. Единствено во Швајцарија многу години бараме партнер, но никако не успеваме. Во Полска има некое позитивно движење, но партнерот има и друга работа. Во Шведска долги години имаме партнер и Јордан Трајков смета дали можеби треба него да му се даде некоја поддршка. Другиот правец на развој на фирмата не е вино туку жестоки пијалоци. Веќе се работи на проширување на производната палета со 2 ликери, плус мастика и бела ракија која би се користела и за коктели. Кој што ги пробал нашата ракија и ликери се воодушевени. Основа за производство на овие производи е белата ракија која ние веќе ја имаме. Се очекуаат да пристигнат шишињата. Се работи на етикетите и веќе во скоро време се очекува да се пласираат како готови производи. За ракијата веќе е направен и брендот Божица. Климе Бабунски се вклучи во дискусијата и кажа дека важно со жестоките пијалоци е дека ќе се зголемува палетата. Дека и во минатите години тој на состаноците за стратешко планирање се залагал за овој чекор, дека тое е нешто што ќе не направи посериозен производител од повеќе аспекти – и кога ќе дојде некој во ресторан и кога ќе треба да се покажеме за во странство. Од некои статистички податоци кои ги гледал пр. за Италија таму не заостанува извозот на жестоки пијалоци на сметка на виното. Така да и кај нас можеби поголемо внимание треба да посветиме особено сега кога ќе имаме нов производ за пазарот, и особено на скандинавскиот пазар. Таму имаат традиција на жестоки пијалоци. Бидејќи се пијачи на жестоки пијалоци секогаш се заинтересирани за нешто ново. За нашата мастика или вишновка која има благ вкус тоа може да биде многу примамливо. Тихомир Мукаетов праша дали има некој друг за збор. Бидејќи никој друг не се јави за збор се заклучи дискусијата и се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.573.421 гласа „ЗА“ гласале вкупно 1.573.421 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема, „ПРОТИВ“ нема.------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:-------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------**ОДЛУКА**-----------------------------------------------

**Се усвојува Годишната сметка за 2022 година**, на ВВ Попова Кула АД Демир Капија со следниот остварен финансиски резултат од работењето: Остварени приходи 36.253.486 ден.; Остварени расходи 34.604.324 ден.; Остварена добивка пред оданочување 1.649.162 ден.; Данок од добивка 0 ден.; Остварена добивкапо оданочување 1.649.162 ден.--------------------

По однос на втората алинеа: Предлог одлука за ревидирани финансиски извештаи--------------

Се стави точката на разгледување. Се заклучи дискусијата и се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.573.421 гласа „ЗА“ гласале вкупно 1.573.421 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема, „ПРОТИВ“ нема.---------------------------------------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:---------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------**О Д Л У К А**-----------------------------------------------

**Се усвојува Одлуката за усвојување на ревидирани финансиски извештаи за 2022 година.**---------------------------------------------------------------------------------------------------

Се усвојуваат финансиските извештаи за работење во 2022 г. ревидирани од Друштво за ревизија ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје. --------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 4 (четири): Разгледување на консолидирана годишна сметка за 2022 година и на ревидирани консолидирани финансиски извештаи на друштвото за 2022 година**----------

**По однос на првата алинеа:** се стави точка на разгледување. Бидејќи точката се дискутираше прретходни никој не се јави за збор. Се заклучи дискусијата и се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.573.421 гласа „ЗА" гласале вкупно 1.573.421 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" нема, „ПРОТИВ" нема.--------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:---------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------**О Д Л У К А**-----------------------------------------------

**Се усвојува Консолидираната годишната сметка за 2022 година** на Попова Кула АД Демир Капија со следниот остварен финансиски резултат од работењето: Остварени приходи 50.817.718 ден.; Остварени расходи 48.250.386 ден.; Остварена добивка пред 2.567.332 ден.; Данок од добивка 3.912 ден.; Добивка за годината 2.563.420 ден. ------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**По однос на втората алинеа**: Предлог одлука за ревидирани консолидирани финансиски извештаи за 2022 год.---------------------------------------------------------------------------------------

Се стави точката на разгледување. Се заклучи дискусијата и се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.573.421 гласа „ЗА" гласале вкупно 1.573.421 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" нема, „ПРОТИВ" нема.---------------------------------------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:---------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------**О Д Л У К А**-----------------------------------------------

**Се усвојуваат консолидираните финансиски извештаи за работење во 2022 г. ревидирани од Друштво за ревизија ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје.**----

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 5 (пет): Распоред на добивка за 2022 година.**--------------------------------------------------

Се стави точката на разгледување. Јордан Трајков објасни дека законски мора да се покрие акумулирана загуба, друго решение нема. Дискусијата се заклучи. Се пристапи на гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.573.421 гласа „ЗА" гласале вкупно 1.573.421 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" нема, „ПРОТИВ" нема.------------------------------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:---------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------**О Д Л У К А**-----------------------------------------------

**Се усвојува одлуката нераспределената добивка за 2022 год. во износ од 1.649.162 денари да се искористи за покривање на дел од аумулираната загуба.**-------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 6 (шест): Извештај за работата на одборот на директори за 2022 година.**-------------

Се стави точката на рзгледување. Григори Поповски како претседател на одборот праша

дали сите го прочитале извештајот за работа на одбор на директори кој го имаше на интернет. Ако е прочитан да не се чита повторно. На сите присутни им е прочитан и никој не се јави за збор. Се заклучи дискусијата и се премина на гласање, при што присутните јавно со кревање на рака пристапија кон поединечно разгледување на работата на членовите на одборот на директори:-----------------------------------------------------------------------------------------------

За Јордан Трајков од вкупните 1.573.421 „ЗА“ гласале 1.573.268 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ еден, односно 153 гласа „ПРОТИВ“ нема.------------------------------------------------------------------------

За Григори Поповски од вкупните 1.573.421 „ЗА“ гласале 1.484.818 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ еден, односно 88.603 гласа, „ПРОТИВ“ нема.-----------------------------------------------------------

За Ивона Колева од вкупните 1.573.421 „ЗА“ гласале 1.573.421 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема, „ПРОТИВ“ нема.-------------------------------------------------------------------

За Златко Данев од вкупните 1.573.421 „ЗА“ гласале 1.570.988 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ еден, односно 2.433 гласа „ПРОТИВ“ нема.------------------------------------------

За Климе Бабунски од вкупните 1.573.421 „ЗА“ гласале 1.557.691 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ еден, односно 15.730 гласа „ПРОТИВ“ нема.---------------------------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната: ------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------**О Д Л У К А** ----------------------------------------------

**Се усвојува одлуката за одобрување на работата на Одборот на директори------------------**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 7 (седум): Назначување на овластен ревизор за вршење на ревизија на годишна сметка за 2023, 2024 и 2025.---------------------------------------------------------------------------**

Се јави за дискусија Климе Бабунски. Комисијата за внатрешна контрола составена од него, Ивона Колева и Григори Поповски ги разгледале двете добиени понуди од РСМ Македонија и Ековис Аудит Македонија. Нивните критериуми биле 50% од бодовите за цена и другите критериуми исто 50 %. А тоа биле искуство на надворешен ревизор, мината соработка, референтна листа, број и состав на ревизорскиот тим. Цената кај РСМ Македонија биле 21.000 евра, кај Ековис Аудит Македонија 6.900 евра. Од аспект на постоење и искуство РСМ Македонија е формирана 2004 год, а Ековис Аудит Македонија 1995 год. Од аспект на мината соработка со Ековис и 2022 имавме искуство со нив. Референтна листа од РСМ Македонија немало нешто како конкретна листа, кај Ековис Аудит има рефертна листа со имиња на клиентите, а меѓу нив се и некои поголеми национални фирми. Од број и состав на ревизорскиот тим Ековис повторно освоил 2 бода во нивното бодување затоа што има поброен тим. Врз ваква основа комисијата ја поддржува понудата добиена од Ековис Аудит Македонија за ревизор за 2023, 2024 и 2025 година. Тодор Черепналковски праша дали нема некој друг поевтин. Климе Бабунски му одговори дека само ове 2 фирми се јавија. Тодор Черепналковски си кажа лично мислење дека според него ревизорските куќи бидејќи друштвата законски се обврзани на ревизија си ги кренаа цените, па според него треба да се одбере најевтиниот бидејќи сите исто работат. Се заклучи дискусијата и се пристапи на гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.573.421 гласа „ЗА“ гласале вкупно 1.573.421 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема, „ПРОТИВ“ нема.------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:-----------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------**О Д Л У К А** ----------------------------------------------

**За вршење на ревизија на Годишна сметка за 2023, 2024 и 2025 год. се избира друштво за ревизија, Ековис Аудит Македонија од Скопје.-----------------------------------------------**

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Откако претседавачот констатираше дека со ова во целост се исцрпени точките од дневниот ред, собранието заврши во 11:20 часот.---------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој записник го составив лично јас Андријана Симовска и е заверен од двајцата заверувачи 1. Златко Данев и 2. Климе Бабунски, дека му го прочитав на Претседавачот со собранието Тихомир Мукаетов кој е запознаен со содржината на овој записник и во целост одговара на дејствијата кои се случувале на собранието на акционери на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, одржано на ден 31.05.2023 година.---- Овој записник е во осум страници и се чува во архивата на ВВ Попова Кула АД Демир Капија.---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Демир Капија, 31.05.2023

**Претседавач: Тихомир Мукаетов** ____________________

**Записничар: Андријана Симовска** ____________________

**Заверувачи на записникот:**

1) **Златко Данев** ____________________

2) **Климе Бабунски** ____________________

Друштво за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД 1 Демир Капија